СЛУЖ
НА ФЕДЕРАТИВНА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словеначко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Текушта сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 1032-Т-220, за огласи 1032-Т-221.

С

Број 25 БЕЛГРАД ГОД. X

...... за 1954 година изнесува 1000.— дин., а за странство 1500.— динари. — Редакција: Улица Кралевиќ'а Марка бр. 9 — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276, Продавно одделение 22-619, Тел. централа 28-010.

**266.**

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), а во врска со чл. 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53 и 13/54) се вршат следни измени и дополненија:

**I. Во делот А на Тарифата**

1) Во тар. бр. 6 место даночната норма од „30%" се става даночна норма од „15%" и се додава забелешка која гласи:

„Данокот по норма од 15% се плаќа од 1 јануари 1954 година."

2) Во тар. бр. 66 точ. 2 под (3) се бришат зборовите: „рачунајуќи и крзно."

3) Тар. бр. 68 се менува и гласи:

„Кожна облека — — — — — — — — — — 10%."

4) Во тар. бр. 84 Забелешката 4 под б) се менува и гласи:

„б) кога стопанските организации колат добиток само со цел за натамошна преработка. Оние стопански организации што колат добиток за делумична продажба на месо и други производи во пресна состојба и за делумична преработка, плаќаат данок по овој тар. број; и"

5) Во тар. бр. 89 се вршат следни измени и дополненија:

а) во точ. 8 место зборовите: „сви производи" се става:

„1) крзно — — — — — — — — — — — 30%

2) сите други производи — — — — — — — 10%."

б) Во точ. 9 под ц) и д), место даночните норми од „30%" и „20%", се става даночни норми од „20%" односно од „10%", а на крај на наименувањето под г) се става запирка и се додаваат зборовите: „освен масло од маслинки и други земјоделски производи што не се нарочно спомената во претходните тарифни броеви;"

в) Забелешката 1 се менува и гласи:

„Приватните занаетчиски дуќани и други приватни лица плаќаат данок по нормите пропишани во тар. броеви 1—83 од овој дел на Тарифата на прометот на оние свои производи што се наименувани во тие тарифни броеви ако даночните норми во тие тар. броеви се поголеми од даночните норми во овој тар. број. Во спротивно, плаќаат данок по нормите од овој тар. број. По исклучок, данокот на промет на производите наименувани во тар. броеви 51—55, 59, 60 и 62—64 од овој дел на тарифата приватните занаетчиски дуќани и другите приватни лица го плаќаат по нормите од точ. 7 на овој тар. број, а на прометот на производите наименувани во тар. броеви 49, 50, 57, 58 и 61 плаќаат данок по тие тар. броеви, а покрај тоа уште и данок од точ. 7 од овој тар. број на прометот на производите добиени со преработка на производите од тар. броеви 49, 50, 57, 58 и 61." — Оваа забелешка важи од 24 март 1954 година;

г) во Забелешката 3 се бришат зборовите: „и бетона;"

д) на почеток на Забелешката 7 место зборовите: „Порез по овом тар. броју" се ставаат зборовите: „Данок по овој тар. број и по претходните тар. броеви", а место зборовите: „постельних и обрубљених предмета (чаршава, јоргана, душека, јастучница, марама и сл.) израђених за рачун индивидуалног потрошача из његовог основног материјала" се ставаат зборовите: „постелни и порабени предмети (чаршави, јоргани, душеци, перници, шамии и сл.) изработени за сметка на индивидуалниот потрошувач и друг порачач од нивниот основен материјал."

**II. Во делот Б на Тарифата:**

Во тар. бр. 2 Забелешката 2 се менува и гласи:

„Данок по овој тар. број плаќаат пословниците на Државниот осигурителен завод според премиите инкасирани на нивното подрачје, и тоа во срок од 10 дена по истекот на секој месец."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јуни 1954 година доколку во неа не е пропишано поинаку.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 230
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

**267.**

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во членот 6 од Уредбата за управување со основните средства на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53) ставот 1 се менува и гласи:

„Во основните средства на стопанските организации не влегуваат:

1) земјишта;

2) патишта, мостови и други градежни објекти што служат за општа употреба;

3) градежни објекти на општествениот стандард и други градежни објекти што не служат за стопански цели како и опремата што им припаѓа."

Член 2

Во членот 14 ставот 3 се менува и гласи:

„Стопанската организација е должна сиот износ на наемнината да го употреби за извршување своите обврски по основот на амортизацијата, интересот на основните средства и осигурувањето на основното средство што е дадено под наем, а евентуалниот вишок е должна да го уплати во амортизационот фонд (делот за замена)."

Член 3

Одредбите од оваа уредба ќе се применуваат од 1 јануари 1954 година.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 229
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

**268.**

Врз основа на чл. 13 и 94 од Законот за државните службеници, во врска со чл. 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА НАГОЛЕМУВАЊЕ ПЛАТИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ НА РАБОТА ВО ДРЖАВНИТЕ НАДЛЕШТВА И УСТАНОВИ

Член 1

Се наголемуваат основните месечни плати на службениците во платните разреди од XX до XIII заклучно (чл. 4 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи, чл. 4 од Уредбата за звањата и платите на службениците на Народната банка на ФНРЈ и чл. 12 од Уредбата за звањата и платите на персоналот во здравствените установи), и тоа: од XX до XIV платен разред за 500 динари, а во XIII платен разред за 300 динари.

Одредбата од претходниот став не се однесува до службениците во звањата наведени во чл. 2 од Уредбата за звањата и платите на службениците во просветно-научната служба.

Член 2

Платите на помошните службеници што вршат работи на служител изнесуваат 5.500 динари, а со повишици по годините на службата до 7.500 динари месечно.

Платите на службениците што вршат работи на телефонист или пријавник во поголеми организациони единици и сл. изнесуваат 5.800 динари, а со повишици по годините на службата до 7.800 динари месечно.

Член 3

Почетните плати на работниците на работа во државните надлештва и установи се наголемуваат и изнесуваат:

1) на висококвалификуваните работници 330 динари дневно или 8.600 динари месечно;

2) на квалификуваните работници — 270 динари дневно или 7.000 динари месечно;

3) на полуквалификуваните работници 230 динари дневно или 6.000 динари месечно;

4) на неквалификуваните работници 210 динари дневно или 5.500 динари месечно.

Износот на платата предвиден за работниците во помали установи од административен карактер се наголемува од 154 динари на 170 дневно, односно од 4.000 динари месечно на 4.400 динари месечно.

На работниците на работа на бини и театарски работилници месечната плата им се определува во износите предвидени во ст. 1 од овој член.

Член 4

Почетните плати на возачите на моторни возила на работа во државните надлештва и установи се наголемуваат и изнесуваат:

1) за возачи „А" категорија — 27 динари по работен час или 5.600 динари месечно;

2) за возачи „Б" категорија — 29 динари по работен час или 6.000 динари месечно;

3) за возачи „Ц" категорија — 31 динар по работен час или 6.450 динари месечно;

4) за возачи „Д" категорија — 33,50 динари по работен час или 7.000 динари месечно.

Почетната плата за возачи „Б, Ц и Д" категорија што имаат квалификација на автомеханичар изнесува, и тоа:

1) за возачи „Б" категорија — 30,50 динари по работен час или 6.300 динари месечно;

2) за возачи „Ц" категорија — 33 динари по работен час или 6.850 динари месечно;

3) за возачи „Д" категорија 36 динари по работен час или 7.500 динари месечно.

Член 5

Повишиците на платата што им припаѓаат на работниците според работниот стаж остануваат во досегашните износи.

Член 6

Платите на работниците на работа во работилници на државните установи се наголемуваат во платните разреди од X до V заклучно за 2 динари по час, а во платните разреди од IV до I — за 3 динари по час.

Член 7

Платите по оваа уредба течат од 1 март 1954 година.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 233
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

**269.**

Врз основа на чл. 13 и 94 од Законот за државните службеници, во врска со чл. 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ НА НАРОДНИТЕ СУДОВИ

Член 1

Во Уредбата за платите на судиите на народните судови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/52, 5/54 и 11/54) членот 3а се менува и гласи:

„Дополнителната плата на судиите и на претседателот на околиски суд изнесува 3.000 динари, на судиите и на претседателот на окружен суд 4.000 динари, а на судиите на врховниот суд на народната република односно на АП Војводина, 7.000 динари месечно.

Дополнителната плата и функционалниот додаток на претседателот на врховниот суд на народната република и на Врховниот суд на АП Војводина ги одредува републичкиот односно Покраинскиот извршен совет.

На претседателите и на судиите на околиски судови во определени места републичкиот извршен совет може да им определи поголема дополнителна плата од 3.000 динари."

Член 2

Во членот 4 се додава став 3 кој гласи:

„Судија што нема правен факултет а се наоѓа во VIII или во некој повисок платен разред може натаму да напредува по годините на службата кога ќе го заврши правниот факултет."

Член 3

Во членот 5 место последниот став се додаваат следни ставови:

„Судија што нема правен факултет може по изборот да се распореди според годините на службата до VIII платен разред заклучно.

Претседателот на врховниот суд на народната република и претседателот на Врховниот суд на АП Војводина се распоредуваат во II и I платен разред. Во I платен разред се распоредуваат претседателот на врховен суд што има 21 година служба признаени за напредување."

Член 4

Во членот 7 ставот 2 се менува и гласи:

„Функционалниот додаток на претседателот на околиски суд изнесува од 1.000—2.000 динари, а на претседателот на окружен суд од 2.000—4.000 динари месечно. Во овие граници висината на функционалниот додаток ја определува државниот секретар за правосудна управа односно Покраинскиот извршен совет."

Член 5

Платите по оваа уредба течат од 1 јуни 1954 година.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 234
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

**270.**

Врз основа на чл. 13 и 94 од Законот за државните службеници, а во врска со чл. 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПРАВОБРАНИТЕЛИ

Член 1

Во чл. 2 точ. 4 од Уредбата за звањата и платите на јавните правобранители („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/54) место зборовите „во III платен разред" се става „во III и II платен разред".

Член 2

Во чл. 5 место последниот став се додаваат следни ставови:

„Ако јавниот правобранител на народната република односно Јавниот правобранител на АП Војводина има 21 година служба признаени за напредување, се распоредува во II платен разред.

Сојузниот јавен правобранител се распоредува во I платен разред без обзир на годините на службата."

Член 3

Платата по оваа уредба тече од 1 јуни 1954 година.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 237
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

**271.**

Врз основа на чл. 13 и 94 од Законот за државните службеници, во врска со чл. 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ПЛАТИТЕ НА АРБИТРИТЕ НА ДРЖАВНАТА АРБИТРАЖА

Член 1

Во Уредбата за платите на арбитрите на државната арбитража („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/52 и 5/54) членот 3а се менува и гласи:

„Дополнителната плата на претседателот и на арбитрите на окружна државна арбитража изнесува 4.000 динари, на арбитрите на Покраинската, републичката и Сојузната државна арбитража 5.000 динари, а на арбитрите на Главната државна арбитража — 7.000 динари месечно."

Член 2

Во членот 6 место ставот 2 се додаваат следни ставови:

„Функционалниот додаток на претседателите на окружни државни арбитражи изнесува од 2.000 до 4.000 динари месечно.

Дополнителната плата и функционалниот додаток на претседателот на републичка односно Покраинската државна арбитража и на претседателот на Главната државна арбитража ги одредува републичкиот (Покраинскиот) односно Сојузниот извршен совет.

Член 3

Дополнителните плати и функционалниот додаток по оваа уредба течат од 1 јуни 1954 година.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 235
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

**272.**

Врз основа на чл. 13 и 94 од Законот за државните службеници во врска со чл. 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Член 1

Во Уредбата за звањата и платите на јавните обвинители („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/52 и 6/54) членот 2а се менува и гласи:

„Дополнителните плати на јавните обвинители и нивните помошници изнесуваат:

1) на околиските јавни обвинители и на нивните помошници 1.500 до 3.000 динари месечно;

2) на окружните јавни обвинители и на нивните помошници — 2.000 до 4.000 динари месечно;

3) на помошникот на Јавниот обвинител на АП Војводина, на помошникот и заменикот на јавниот обвинител на народната република и на помошникот на Сојузниот јавен обвинител — 4.000 до 7.000 динари месечно;

4) на постарите помошници на Сојузниот јавен обвинител — 7.000 до 10.000 динари месечно.

На околиските јавни обвинители и на нивните помошници во определени места може да им се определи и поголема дополнителна плата од 3.000 динари.

Висината на дополнителната плата во границите на износите од ставот 1 ја определуваат јавните обвинители надлежни за назначување по одредбите од Законот за јавното обвинителство.

Решението за определување на дополнителната плата по ставот 2 го донесува Сојузниот јавен обвинител во согласност со Сојузниот извршен совет."

Член 2

Во членот 3 се додава став 3 кој гласи:

„Јавните обвинители, нивните заменици и помошници што немаат правен факултет, а се наоѓаат во VIII или во некој повисок платен разред можат да напредуваат по годините на службата во повисоки платни разреди кога ќе го завршат правниот факултет."

Член 3

Во членот 4 место последниот став се додаваат следни ставови:

„Јавните обвинители и нивните заменици и помошници што немаат правен факултет можат при назначувањето да се распоредат според годините на службата до VIII платен разред заклучно.

Јавниот обвинител на народната република и Јавниот обвинител на АП Војводина се распоредуваат во II и I платен разред. Во I платен разред се распоредуваат јавните обвинители што имаат 21 година служба признаена за напредување."

Член 4

Во членот 8 место ставот 2 се додаваат следни ставови:

„Функционалниот додаток на околиски јавен обвинител изнесува од 1.000—2.000 динари месечно, а на окружен јавен обвинител од 2.000—4.000 динари месечно. Во овие граници висината на функционалниот додаток ја определува јавниот обвинител на народната република односно Јавниот обвинител на АП Војводина.

Функционалниот додаток и дополнителната плата на јавниот обвинител на народната република и на Јавниот обвинител на АП Војводина ги определува Сојузниот јавен обвинител во согласност со Сојузниот извршен совет."

Член 5

Платите по оваа уредба течат од 1 јуни 1954 година.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 236
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

## 273.

Врз основа на чл. 71 од Уредбата за организацијата, послувањето и управувањето со Југословенските железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/53), Сојузниот извршен совет донесува

# УРЕДБА

## ЗА ПЛАТИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ ТРАНСПОРТНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 1

Платите на работниците и службениците на железничките транспортни претпријатија (во натамошниот текст: персоналот на претпријатијата) се определуваат по општите прописи за платите на работниците и службениците на стопанските организации, со отстапувањата предвидени со уредбава.

**Пресметковен платен фонд**

Член 2

Пресметковниот платен фонд на претпријатијата се состои:

1) од збирот на пресметковните плати на персоналот што бил во служба во текот на пресметковниот период;

2) од износот на издатоците за километража, службена облека и прекувремена работа по условите од чл. 5;

3) од износот на издатоците по чл. 10а од Уредбата за платите на работниците и службениците на стопанските организации.

Елементите за пресметковниот платен фонд на управата на претпријатието и на станиците, ложилниците и секциите (во натамошниот текст: основни единици) се утврдуваат по одредбите од тарифниот правилник на претпријатието.

Член 3

Пресметковната плата на персоналот на претпријатијата се определува според стручната спрема потребна за вршење на работите и изнесува:

1) за персоналот од I врста 12.000 динари месечно;

2) за персоналот од II врста 8.800 динари месечно;

3) за персоналот од III врста 7.000 динари месечно;

4) за персоналот од IV врста 6.000 динари месечно.

Износите на пресметковната плата од ст. 1 се определени врз база на работно време од 208 часа месечно.

Пресметковните плати од ст. 1 се наголемуваат за 5% поради наголемените издатоци за замена и испомагање.

Разврстувањето на сегашните звања на персоналот на претпријатијата во врстите од ст. 1 ќе го изврши времено, додека не се донесат прописи за признавање стручната спрема, управниот одбор на Генералната дирекција на ЈЖ во согласност со Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет.

Член 4

При пресметувањето на пресметковниот платен фонд се намалува пресметковната плата за соодветниот дел за дните проведени на неплатено отсуство, на отсуство поради болест и болување за кое припаѓа материјално обезбедување на товар на социјалното осигурување, како и за дните за кои

припаѓа надоместување од буџетот по прописите за надоместувањата на работниците и службениците за време на отсуствување од работа.

Член 5

Издатоците по чл. 2 точ. 2 влегуваат во пресметковниот платен фонд на претпријатието во следниве граници:

1) километражата (надоместување за наголемени трошоци при патувањето на возниот и локомотивскиот персонал) за машиноводите и огнарите — најмногу до 25 динари, а за другиот персонал најмногу до 20 динари по час за сето време поминато надвор од живеалиштето од заминувањето до враќањето по редот на возењето, со подготвителната и завршната служба кај возот;

2) издатоците за службена облека само за персоналот за кој е задолжително носењето на службената облека по прописите што ги донесува управниот одбор на Генералната дирекција на ЈЖ во согласност со Сојузниот извршен совет;

3) додатокот за прекувремена работа:

А. во висина на пресметковната плата по час наголемена за 50%:

а) за вишокот на часовите проведени во службата преку 208 часа месечно при работа во турнус 12/24;

б) при работа во турнус 18/30 и 24/24 за бројот на часовите проведени во служба преку 208 часа во месецот кој се добива кога часовите проведени во служба преку 208 часа месечно кај турнус 18/30 ќе се поделат со 2, а кај турнус 24/24 со 5;

в) за бројот на часовите преку 208 часа што во текот на месецот го провел возниот и локомотивскиот персонал на воз по редот на возењето со подготвителната и завршната служба кај возот и со резерва по распоредот на службата, со тоа што часовите на резервата преку 208 часа во месецот пред тоа да се поделат со 3;

г) за часовите на прекувремената работа предизвикана со вонредни настани во сообраќајот (несреќи, елементарни невремиња и др.), извршена по наредба од непосредниот старешина;

д) за прекувремената работа што ќе ја одобри народниот одбор во смисла на Уредбата за платите на работниците и службениците на стопанските организации;

Б. во висина на пресметковната плата за 8 часа работа наголемена за 25% за работата на дните на неделен одмор на пругите со мал сообраќај каде што е воведена работа во непрекината служба, ако не е обезбеден неделен ден за одмор.

Член 6

Вршењето на службата во турнусите од претходниот став се определува врз основа на мерилата што ги пропишува управниот одбор на Генералната дирекција на ЈЖ.

**Основи за тарифните правилници**

Член 7

Основите за тарифните правилници на претпријатијата ги утврдува управниот одбор на Генералната дирекција на ЈЖ.

Основите за тарифните правилници на претпријатијата содржат особено:

1) одредби за продолженото работно време преку 208 часа;

2) начела за додатоците за извршната служба, за прекувремената работа, за продолженото работно време, за надоместувањата за службени патувања, за замени и испомагања и за одвоен живот од фамилијата.

**Определување на стручната спрема**

Член 8

Управниот одбор на Генералната дирекција на ЈЖ во согласност со Сојузниот извршен совет ја определува стручната спрема на персоналот на претпријатијата, како и условите за здобивање со неа.

**Гарантирање на платниот фонд и исплата на платите**

Член 9

Ако претпријатието не го реализира платниот фонд до висината на пресметковниот платен фонд, народната република му гарантира на претпријатието 90% од износот на пресметковните плати од точ. 1 и 3 на чл. 2, а другите издатоци од чл. 2 во полн износ.

Член 10

Исплатата на платите се врши во срокот определен за пресметка на вкупниот приход на претпријатието. Ако тој срок е подолг од 1 месец, ќе се исплатуваат месечни аконтации во текот на пресметковниот период.

**Завршни одредби**

Член 11

Претпријатијата се должни да ги донесат своите тарифни правилници во срок од два месеца по влегувањето во сила на оваа уредба, а основните единици во срок од еден месец по донесувањето на тарифниот правилник.

Член 12

Со влегувањето во сила на оваа уредба престануваат да важат: Уредбата за звањата и платите на железничкиот персонал („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/52), Правилникот за додатоците на железничкиот персонал („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/52), Правилникот за платите на работниците запослени во извршните единици на Југословенските железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/52), Правилникот за платите на железничките транспортни работници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/52), Правилникот за премиите за заштеда на гориво и мазиво на локомотивите во експлоатацијата на Југословенските железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/52) и Правилникот за патните трошоци на службениците и работниците на Југословенските железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/53) доколку се однесува до персоналот на железничките транспортни претпријатија.

Член 13

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 март 1954 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 231
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

---

**274.**

Врз основа на чл. 93 од Уредбата за организацијата, послувањето и управувањето со Југословенските пошти, телеграфи и телефони („Службен лист на ФНРЈ ", бр. 53/53), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ПЛАТИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО СОСТАВ НА ЗАЕДНИЦАТА НА СТОПАНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ПОШТИ, ТЕЛЕГРАФИ И ТЕЛЕФОНИ

Член 1

Платите на службениците и работниците на претпријатијата во состав на Заедницата на стопанските претпријатија на Југословенските пошти, те-

леграфи и телефони (во натамошниот текст: претпријатија) се определуваат по општите прописи за платите на работниците и службениците на стопанските организации со отстапувањата предвидени со оваа уредба.

**Пресметковен платен фонд**

Член 2

Пресметковниот платен фонд на претпријатијата се состои:

1) од збирот на пресметковните плати на службениците и работниците што биле во служба во текот на пресметковниот период;

2) од збирот на платите на лицата што се наоѓаат во договорен работен однос по одредбите на чл. 50 од Уредбата за организацијата, послувањето и управувањето со Југословенските пошти, телеграфи и телефони („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/53);

3) од износот на придатоците за прекувремена работа, издатоците за службени облеки и обувки и издатоците за дневници на персоналот на поштите што патуваат, под условите од чл. 6, 7 и 8 од уредбата;

4) од износот на издатоците под чл. 10а од Уредбата за платите на работниците и службениците на стопанските организации.

Елементите за пресметковниот платен фонд на управата на претпријатието и на основните единици се утврдуваат по одредбите од тарифниот правилник на претпријатието.

Член 3

Пресметковната плата на службениците и работниците на претпријатието се определува според стручната спрема потребна за вршење на работите, и изнесува:

1) на работите на виши стручни службеници и висококвалифицирани работници — — 12.000 дин. месечно

2) на работите на средно стручни службеници и квалифицирани работници — — — — 8.800 „ „

3) на работите на нижи стручни службеници и полуквалифицирани работници — 7.000 „ „

4) на работите на помошни службеници и на неквалифицирани работници — — — — — 6.000 „ „

Пресметковните плати од ст. 1 се наголемуваат за 5% поради наголемените издатоци за работа на терен на одржување птт постројки, како и поради наголемените издатоци при упатувањето на работа во друго место заради замена.

Пресметковните плати од ст. 1 се определени врз база на работно време од 208 часа месечно.

Разврстувањето на работните места на службениците и работниците на претпријатијата во смисла на ст. 1 од овој член ќе го изврши времено, до донесувањето на прописите за признавање на стручната спрема, управниот одбор на Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните во согласност со Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет.

Член 4

При пресметувањето на пресметковниот платен фонд на претпријатието се намалува пресметковната плата во соодветниот дел за дните што службениците и работниците ги провеле на неплатено отсуство, на отсуство поради болест и боледување за кое им припаѓа материјално обезбедување на товар на социјалното осигурување, како и за дните за кои на службениците и работниците им припаѓа надоместување од буџетот по прописите за надоместувањата на службениците и работниците за време на отсуствување од работа.

Член 5

Платите на лицата во договорен работен однос влегуваат во пресметковниот платен фонд на претпријатието во износот што со тие лица е договорен при склучувањето на договорниот работен однос врз основа на прописите за склучување такви договори.

Член 6

Придатокот за прекувремена работа влегува во пресметковниот платен фонд на претпријатието само:

1) за времето над 208 часа во месецот проведено во служба на работните места каде што се врши службата во смени (8/16, 12/24 и 24/48);

2) за работата на дните на неделен одмор во единиците во кои не е воведена работа во непрекидна служба, ако не е обезбеден неделен ден за одмор;

3) за прекувремената работа воведена во случаи на општа потреба (избори, поплава и сл.) или одобрена во смисла на одредбите на чл. 8 од Уредбата за платите на работниците и службениците на стопанските организации;

4) за прекувремената работа извршена по наредба од директорот на претпријатието за расчистување на терен односно воспоставување на птт сообраќај.

Придатоците за прекувремена работа од претходниот став влегуваат во пресметковниот платен фонд на претпријатието, и тоа:

а) за прекувремената работа од точ. 1, 2 и 3 — во висина на соодветната пресметковна плата по час за редовно работно време,

б) за прекувремената работа од точ. 4 — во висина на соодветната пресметковна плата по час за редовно работно време наголемена за 50%.

Член 7

Издатоците за службени облеки и обувки влегуваат во пресметковниот платен фонд на претпријатието само за службениците и работниците за кои е задолжително носење на службена облека во службата по прописите што ги донесува управниот одбор на Генералната дирекција на птт во согласност со Сојузниот извршен совет.

Член 8

Дневниците на персоналот на поштите што патуваат влегуваат во пресметковниот платен фонд на претпријатието, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| на релациите од I ред — најмногу — | 550 |
| на релациите од II ред — најмногу — | 500 |
| на релациите од III ред — најмногу — | 450 |
| на релациите од IV ред — најмногу — | 400 |

Распоредот на поштите што патуваат во редовите од претходниот став го врши управниот одбор на Генералната дирекција на птт.

**Основи за тарифните правилници**

Член 9

Основите за тарифните правилници на претпријатијата ги утврдува управниот одбор на Генералната дирекција на птт.

Основите за тарифните правилници на претпријатијата, содржат особено:

1) одредби за распоредот на поштите што патуваат во редови,

2) начела за придатоците и за определување надоместувања за службени патувања, за времено упатување на работа во друго место, за дневниците на персоналот на поштите што патуваат, за придатоците за теренска работа, како и за одвоен живот од фамилијата.

**Стручна спрема**

Член 10

Прописи за приправничкиот стаж на службениците, за стручната спрема и за условите за здобивање со неа, како и прописи за стручната спрема на работниците запослени на градење и одржување телеграфско-телефонски постројки ќе донесе управниот одбор на Генералната дирекција на птт во согласност со Сојузниот извршен совет.

**Гарантирање на платниот фонд и исплата на платите**

Член 11

Во пресметковниот платен фонд што им се гарантира на претпријатијата по одредбите од чл. 91 на Уредбата за организацијата, послувањето и управувањето со Југословенските пошти, телеграфи и телефони, влегува полниот износ на издатоците за службена облека и дневниците на персоналот на поштите што патуваат и 90% од другите издатоци што влегуваат во пресметковниот платен фонд.

Член 12

Исплатата на платите се врши во срокот определен за пресметка на вкупниот приход на претпријатието. Ако тој срок е подолг од еден месец, ќе се исплатуваат месечни акontации во текот на пресметковниот период.

**Завршни одредби**

Член 13

Претпријатијата се должни да донесат свои тарифни правилници во срок од два месеца по влегувањето во сила на оваа уредба, а основните единици во срок од еден месец по донесувањето на тарифниот правилник на претпријатието.

Член 14

Со влегувањето во сила на оваа уредба престануваат да важат Уредбата за звањата и платите на службениците на поштенско-телеграфско-телефонската служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/52), Правилникот за функционалните додатоци на службениците на поштенско-телеграфско-телефонската служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/53), Правилникот за одделниот додаток на службениците запослени на меѓународните поштенско-телеграфско-телефонски линии („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/53), Правилникот за додатоците за одделните услови на работата во поштенско-телеграфско-телефонската служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/53), Правилникот за додатоците за ноќна и прекувремена работа на службениците на поштенско-телеграфско-телефонската служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/53), Правилникот за патните трошоци на службениците и работниците на поштенско-телеграфско-телефонската служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/53) доколку се однесува до службениците и работниците на претпријатијата.

Член 15

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 март 1954 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 232
10 јуни 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

**275.**

Врз основа на главата XXIX од Сојузниот општествен план за 1954 година Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ОЛЕСНУВАЊАТА ПРИ ПЛАЌАЊЕТО НА СТРАНСКАТА ОПРЕМА И ИНВЕСТИЦИОНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ

1. На стопанските организации што ги исполнуваат условите од оваа одлука, Народната банка на ФНРЈ може да им одобрува одредени олеснувања при плаќањето на странската опрема и инвестиционите материјали потребни за реализација на рационализацијата и наголемување на производството.

2. Стопанската организација што сака да ги користи олеснувањата од оваа одлука треба да ги исполнува следните услови:

а) со порационално односно наголемено производство да реализира поголем извоз и прилив на девизи отколку во 1953 година, или со производство на нови артикли да го наголеми извозот и приливот на девизи во споредба со 1953 година;

б) вредноста на набавката на новата опрема и инвестиционите материјали, по правило, да не преминува 80% од реализираното наголемување на приливот на девизите во период од 12 месеци, по одбивање вредноста на увозот потребен за репродукција;

в) наголемувањето на приливот на девизи да биде реализирано, по правило, најмалку два месеца пред доспеалоста на плаќањето на опремата и инвестиционите материјали.

3. Олеснувањата при плаќањето на странска опрема и инвестициони материјали можат да ги користат, при условите од точ. 4, и оние стопански организации коишто со тоа реализираат производство кое може да го замени односно намали увозот на стоки.

4. Стопанската организација од точ. 3 што сака да ги користи олеснувањата од оваа одлука, мора да ги исполнува следниве услови:

а) со увозот на опремата и инвестиционите материјали да го наголеми производството на определени артикли односно да произведува нови артикли со што се намалува увозот на стоки во ФНРЈ;

б) вредноста на набавката на нова опрема и инвестициони материјали, по правило, да не преминува 80% од реализираното наголемено производство односно новото производство од претходниот став;

в) наголемувањето на производството односно производството на нови артикли да биде реализирано пред доспеалоста на плаќањето на опремата и инвестиционите материјали.

5. Ако е во прашање производство на нови артикли, вредноста на набавката на опремата и инвестиционите материјали може, по исклучок од одредбите на точ. 2 и 4 под б), да достаса и висина до 100% од наголемувањето на приливот на девизи односно наголемувањето на производството или производството на нови артикли, та и покрај тоа стопанската организација да ги исполнува условите за користење на олеснувањата од оваа одлука.

6. Олеснувањата од точ. 1 и 3 на оваа одлука се следни:

а) давање гаранции при увозот на опремата и инвестиционите материјали на кредит;

б) продавање девизни средства на термин;

в) одобрување одделен динарски инвестиционен кредит ако другите средства на стопанските организации не се доволни за плаќање на опремата и инвестиционите материјали.

Овие олеснувања Народната банка на ФНРЈ им ги дава на стопанските организации по оценката на нивните образложени барања.

7. По предлог од Народната банка на ФНРЈ, Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет може врз основа на ст. 2 точ. 6 од главата XXVIII на Сојузниот општествен план за 1954 година, да им позволи на стопанските организации што ги исполнуваат условите од оваа одлука да користат и над 10% од уплатените средства во нивните амортизациони и други фондови, како и над 10% од инвестиционите кредити, ако 10% од уплатените средства во овие фондови, односно 10% од одобрените инвестициони кредити не би ги овозможиле вакивте набавки.

8. По предлог од Народната банка на ФНРЈ, Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет може да ги ослободи од плаќање разликата во цените, врз основа на пропишаните коефициенти, стопанските организации при увозот на опремата и

инвестиционите материјали што се врши за целта спомената во точ. 2 и 4 под а) на оваа одлука.

Ако стопанската организација не го реализира предвиденото наголемување на производството и извозот во смисла на точ. 2 односно ако не го реализира производството од точ. 4 пресметката на разликите во цените од претходниот став ќе се ревидира и ќе се изврши врз база на пропишаните коефициенти што важат за редовниот увоз.

9. По предлог од Народната банка на ФНРЈ, Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет може да ги ослободи стопанските организации и од обврските за плаќање разликата помеѓу курсот на редовниот и одделниот состанок на девизното пресметковно место, кога девизните средства реализирани со сопствена дејност ги користат за увоз на опрема и ивнестициони материјали за целите предвидени со оваа одлука.

10. Стопанските организации што ги исполнуваат условите од оваа одлука и сакаат да ги користат олеснувањата спомената во неа ќе поднесуваат свои документирани предлози до републичките централи на Народната банка на ФНРЈ кои со своето образложено мислење ќе ги испраќаат до Главната централа на Народната банка на ФНРЈ.

Народната банка на ФНРЈ — Главната централа, по претходно консултирање со соодветната комора, вака добиените барања ќе ги цени и решава во границите на дадените можности, водејќи сметка за расположивоста на девизните и динарските средства за такви цели, како и за реалноста на поднесените предлози.

11. Технички упатства за спроведување на оваа одлука ќе донесе Народната банка на ФНРЈ.

12. Оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 243
10 јуни 1954 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател, **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

## 276.

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), а во врска со чл. 16 од Уредбата за девизното послување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА НАЧИНОТ ЗА КУПУВАЊЕ ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА ЗА НЕСТОКОВНИТЕ ПЛАЌАЊА ОД СТРАНА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И УСТАНОВИ, УСТАНОВИТЕ СО САМОСТОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Државните органи и установи, установите со самостојно финансирање и општествените организации можат за своите нестоковни плаќања во странство да купуваат девизни средства по званичниот курс при Народната банка на ФНРЈ на товар на Централниот девизен фонд, а во границите на средствата што ќе им ги определи Сојузниот извршен совет.

2. Ако на органите, установите и организациите од претходната точка не им се определени девизни средства од Централниот девизен фонд или им се определени но не се достаточни, овие органи, установи или организации можат да набавуваат девизни средства за нестоковните плаќања во границите на средствата што ќе ги определи Сојузниот извршен совет само преку Народната банка на ФНРЈ по средниот курс на ФНРЈ на девизното пресметковно место, по кој Банката ги купила девизите, со тоа што за продадениот износ Народната банка на ФНРЈ дополнително да се покрие со купување на девизното пресметковно место.

Корисниците од претходниот став мораат кон своите налози за купување девизи на девизното пресметковно место да приложат потврда од надлежниот секретаријат за работи на општата управа и за буџет дека купувањето може да се изврши на товар на одобрените средства за набавка на девизни средства на девизното пресметковно место.

3. Упатства за спроведување на оваа одлука донесува сојузниот Државен секретар за работи на општата управа и за буџет.

4. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Наредбата за купување девизни средства за нестоковните плаќања во странство од страна на буџетските установи и надлештва, установите со самостојно финансирање и општествените организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/52), и Упатството од Министерот на финансиите на ФНРЈ бр. 20650 од 14 ноември 1952 година за спроведување на споменатата наредба.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 244
10 јуни 1954 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател, **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

## 277.

Врз основа на одделот 1 од главата V и одделот 4 од главата XXVIII на Сојузниот општествен план за 1954 година Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА НАЧИНОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ, ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ И РЕГРЕСОТ ПРИ УВОЗОТ ЧИЈАШТО НАБАВКА Е СКЛУЧЕНА И ЦЕНАТА ВО ЦЕЛОСТ ИЛИ ДЕЛУМ ПЛАТЕНА ВО 1953 ГОДИНА

1. За опремата што не се плаќа од Централниот девизен фонд, чијашто набавка е склучена и цената во целост или делум платена во 1953 година, а се увезува почнувајќи од 1 јануари 1954 година ќе се пресметува разликата во цените по прописите за пресметување разликата во цените при увозот што важеле на денот на склучувањето на односната набавка.

При пресметувањето разликата во цените во смисла на горниот став, од пресметаниот износ на разликата во цените ќе се одбие данокот на промет, кој мора одделно да се уплати по Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53 и 13/54, а остатокот ќе се уплати како разлика во цените.

2. Ако опремата од претходната точка ја увезува некоја земјоделска производителна организација цитирана во точ. 1 од Времената одлука за регресите во стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53) преку увозно претпријатие, со пресметување разликата во цените и уплата на данокот на про-

мет на начинот од претходната точка, земјоделската производителна организација има право да ја купи таа опрема од увозното претпријатие по повластените цени во смисла на одредбите од Упатството за примена на Решението за повластените продажни цени на индустриските производи наменети за потребите на селско-стопанското производство и за рибарството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/53).

3. На начинот од ст. 2 точ. 1 ќе се пресметува разликата во цените и ќе се уплатува данокот на промет и за другите стоки што се увезуваат по 1 јануари 1954 година, а кои се платени до 31 декември 1953 година заклучно, и на кои, според одредбата од точ. 19 став 2 на Одлуката за пресметување разликата во цените при увозот и извозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53) се применуваат прописите за пресметување разликата во цените при увозот што важеле на денот кога е склучена односната набавка.

4. Поблиски прописи за начинот по кој стопанските организации ќе ги докажуваат своите права од оваа одлука како и за условите за остварување на тие права ќе донесе сојузниот Државен секретар за работи на народното стопанство.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 238
10 јуни 1954 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.
Потпретседател, **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

---

## 278.

Врз основа на одделот 1 од главата XLI, а во врска со одделот 4 ст. 1 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1954 година, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА
## ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ ТЕРМИНСКИ КРЕДИТИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ИНВЕСТИЦИОНОТО ОДРЖУВАЊЕ

1. Стопанските организации што во 1954 година ќе имаат потреба да ги користат средствата од делот на амортизациониот фонд предопределен за инвестиционо одржување, во износ поголем од оној што е уплатен дотогаш во овој дел на амортизациониот фонд, можат да добијат од Народната банка на ФНРЈ термински кредит за покривање оваа разлика.

Банката ќе го даде кредитот од претходниот став само ако стопанската организација со барањето за кредит и' поднесе подробна спецификација на работите на инвестиционото одржување предвидена во чл. 45 ст. 2 од Уредбата за управување со основните средства на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54).

На овој кредит Банката ќе засметува интерес по норма од 3% годишно.

2. Банката може да го даде терминскиот кредит од претходната точка до висината на годишниот износ на амортизацијата за инвестиционо одржување што стопанската организација го предвидела во својата претсметка на амортизацијата изработена на почетокот на 1954 година.

3. Терминскиот кредит добиен по одредбите од оваа одлука треба да се врати најдоцна до крајот на 1954 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 239
10 јуни 1954 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.
Потпретседател, **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

---

## 279.

Врз основа на чл. 2, 10 и 37 од Основната уредба за установите со самостојно финансирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/53) Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ТЕЛЕГРАФСКАТА АГЕНЦИЈА НОВА ЈУГОСЛАВИЈА — „ТАНЈУГ", КАКО УСТАНОВА СО САМОСТОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ

1. Телеграфската агенција Нова Југославија — „Танјуг" (во натамошниот текст: Танјуг), прогласена со Решението на Владата на ФНРЈ IV бр. 1758 од 31 мај 1952 година за стопанска установа со самостојно финансирање, продолжува да работи како установа со самостојно финансирање.

Седиштето на Танјуг е во Белград.

2. Задачата на Танјуг е за домашните весникарско-издавачки претпријатија, радио-станици и други лица да прибавува вести од земјава и од странство, како и да го известува странството за настаните во нашава земја.

3. Имотот над којшто Танјуг има право на управување се состои од една дворишна зграда во Белград во Улицата Први мај бр. 28, зграда во Батајница, радио-уреди и други апарати и канцелариски мебел.

4. Со Танјуг управува управен одбор од 15 членови, од кои 7 избира колективот на Танјуг меѓу себе, а 7 членови назначува Сојузниот извршен совет.

Директорот на Танјуг е член на управниот одбор по својата функција.

5. Директорот на Танјуг го назначува Сојузниот извршен совет.

6. Танјуг може да формира следни фондови, со кои располага самостојно:

а) фонд за наградување на работниците и службениците;

б) фонд за заменување и дополнување на основните средства и за големи поправања.

7. Службениците и работниците на Танјуг за својата работа примаат плати по одредбите од Правилникот за платите на службениците и работниците на Танјуг, што го донесува управниот одбор во согласност со Сојузниот извршен совет.

8. Надзорот над вршењето на задачите на Танјуг го врши Сојузниот извршен совет.

9. Со влегувањето во сила на ова решение престанува важноста на Решението на Владата на ФНРЈ IV бр. 1758 од 31 мај 1952 година за прогласување на Телеграфската агенција Нова Југославија за установа со самостојно финансирање.

10. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 241
10 јуни 1954 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.
Потпретседател, **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

280.

Врз основа на чл. 2, 10 и 37 од Основната уредба за установите со самостојно финансирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/53 Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЛЕКСИКОГРАФСКИОТ ЗАВОД НА ФНРЈ КАКО УСТАНОВА СО САМОСТОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ

1. Лексикографскиот завод на ФНРЈ (во натамошниот текст: Заводот) прогласен со Одлуката на Сојузниот извршен совет Р. п. бр. 175 од 27 јуни 1953 година за стопанска установа со самостојно финансирање, продолжува да работи како установа со самостојно финансирање.

Седиштето на Заводот е во Загреб.

2. Задачата на Заводот е да собира, изработува и приготвува за печат материјал потребен за издавање енциклопедија, лексикони и библиографски публикации, како и монографии и слични творби, и тој материјал да го печати и растура.

3. Имотот над којшто Заводот има право на управување се состои од графички машини, инвентар и обртни средства.

4. Со Заводот управува управен одбор чиишто членови ги именува Сојузниот извршен совет меѓу научните и просветните работници и претставниците на установите заинтересирани за работата на Заводот.

Директорот за Заводот е член на управниот одбор по својата функција.

5. Директорот на Заводот го назначува Сојузниот извршен совет.

6. Заводот може да формира следни фондови со кои самостојно располага:

а) фонд за наградување на работниците и службениците;

б) фонд за замена и дополнување на основните средства и за големи поправања.

7. Службениците и работниците на Заводот за својата работа примаат плати по одредбите од Правилникот за платите на службениците и работниците на Лексикографскиот завод на ФНРЈ, што го донесува Управниот одбор во согласност со Сојузниот извршен совет.

8. Надзорот над вршењето на задачите на Заводот го врши Сојузниот извршен совет.

9. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Одлуката на Сојузниот извршен совет Р. п. бр. 175 од 27 јуни 1953 година за прогласување на Лексикографскиот завод на ФНРЈ за установа со самостојно финансирање.

10. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. 242
10 јуни 1954 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Светозар Вукмановиќ**, с. р.

281.

Врз основа на одделот 4) од главата XXVIII на Сојузниот општествен план за 1954 година, а во врска со чл. 32 од Уредбата за организацијата и работењето на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/54) и точ. I под 1) од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54) Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА СПИСОКОТ НА ВИДОВИТЕ СТОКИ И КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ ИЗВОЗОТ

1. Во Списокот на видовите стоки и коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот, што е составен дел од Решението за видовите стоки и услуги и за висината на коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/54), се вршат следни измени:

Во гранката: земјоделството, редниот број 36 се менува и гласи:

„36. Млеко — — — — — — коефициент 0,75".

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Сојузен извршен совет

О. С. бр. 33
3 јуни 1954 година
Белград

Претседател
на Одборот за стопанство,
**Светозар Вукмановиќ**, с. р.

282.

Врз основа на одделот 4) од главата XXVIII на Сојузниот општествен план за 1954 година, а во врска со чл. 32 од Уредбата за организацијата и работењето на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/54) и точ. I под 1) од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54) Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА СПИСОКОТ НА ВИДОВИТЕ СТОКИ И КОЕФИЦИЕНИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ ИЗВОЗОТ

I. Во Списокот на видовите стоки и коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот, што е составен дел од Решението за видовите стоки и услуги и за висината на коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/54), се вршат следни измени и дополнувања:

1) Во гранката земјоделство под редниот број 14 „Свежа риба" коефициентот се наголемува од 0,70 на 1,00.

2) Во истата гранка, редниот број 34 се менува и гласи:

„Јаја"
а) пакована са уложцима — — — коефицијент 0,90
б) пакована без уложака — — — коефицијент 0,80

II. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 25 мај 1954 година.

**Сојузен извршен совет**

О. С. бр. 37
3 јуни 1954 година
Белград

Претседател
на Одборот за стопанство,
**Светозар Вукмановиќ, с. р.**

**283.**

Врз основа на одделот 4) од главата XXVIII на Сојузниот општествен план за 1954 година, а во врска со чл. 32 од Уредбата за организацијата и работењето на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/54 и точ. I под 1) од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ КОЕФИЦИЕНТОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ ИЗВОЗОТ НА МОНТАЖНО-ДЕМОНТАЖНИТЕ КУЌИ

1. Разликата во цените при извозот на монтажно-демонтажните куќи од лесни градежни изолациони материјали (гранка 121 — индустрија за градежни материјали) ќе се пресметува по коефициентот 2,00.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

О. С. бр. 34
3 јуни 1954 година
Белград

Претседател
на Одборот за стопанство,
**Светозар Вукмановиќ, с. р.**

**284.**

Врз основа на одделот 4) од галвата XXVIII на Сојузниот општествен план за 1954 година, а во врска со чл. 32 од Уредбата за организацијата и работењето на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/54) и точ. I под 1) од Одлуката за овластување Одборот за стопанството да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ КОЕФИЦИЕНТОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ ИЗВОЗОТ НА КОТОНИН

1. Разликата во цените при извозот на котонин (гранка 124 — текстилна индустрија) ќе се пресметува по коефициентот 2,50.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ќе се применува на работите склучени од 15 мај 1954 година.

**Сојузен извршен совет**

О. С. бр. 35
3 јуни 1954 година
Белград

Претседател
на Одборот за стопанство,
**Светозар Вукмановиќ, с. р.**

**285.**

Врз основа на чл. 13 точ. г) од Законот за здруженијата, собирите и другите јавни собранија, а по исполнувањето на условите од чл. 14, 15 и 16 од истиот закон, сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА НА МЕДИЦИНСКИТЕ СЕСТРИ НА ФНРЈ

Се одобрува според поднесените правила и програма за работата основањето и работата на Сојузот на друштвата на медицинските сестри на ФНРЈ, со седиште во Белград, а со дејност на целата територија на Југославија.

II/3 бр. 9302
11 мај 1954 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи на ФНРЈ,
**Светислав Стефановиќ, с. р.**

**286.**

Врз основа на чл. 13 точ. г) од Законот за здруженијата, собирите и другите јавни собранија, а по исполнувањето на условите од чл. 14, 15 и 16 од истиот закон, сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА УМЕТНИЦИТЕ ЗА ПРИМЕНЕТИ УМЕТНОСТИ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се одобрува според поднесениот статут основањето и работата на Сојузот на уметниците за применети уметности на Југославија со седиште во Белград, а со дејност на целата територија на Југославија.

II/3 бр. 7507
24 април 1954 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи на ФНРЈ,
**Светислав Стефановиќ, с. р.**

**287.**

Врз основа на чл. 43 ст. 2 точ. 3 од Уредбата за организацијата, послувањето и управувањето со Југословенските пошти, телеграфи и телефони („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/53) донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПУШТАЊЕ ВО ТЕЧАЈ СЕРИЈА ПРИГОДНИ ПОШТЕНСКИ МАРКИ СО МОТИВИ ОД ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФАУНА

Во Решението за пуштање во течај серија пригодни поштенски марки со мотиви од југословенската фауна („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/54) ставот 1 се менува и гласи:

„На 30 јуни 1954 година ќе се пушти во течај серија пригодни поштенски марки со мотиви од југословенската фауна".

Бр. 5263
7 јуни 1954 година
Белград

Генерален директор
на Југословенските пошти,
телеграфи и телефони,
**Никола Милановиќ**, с. р.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

### СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 15 од 30 април 1954 година објавува:

Уредба за најмалиот број занаетчиски работници што можат да основаат занаетчиски дуќани;

Уредба за измени на Уредбата за устројството и надлежноста на Заводот за социјално осигурување на Автономна Покраина Војводина и Заводот за социјално осигурување на Автономната Косовско-метохиска Област и за меѓусебните односи на овие заводи и Заводот на НРС;

**Решение** за потврда на Статутот на Заводот за социјално осигурување на НРС;

**Решение** за премин на Математичкот институт на Српската академија на науките во Белград на работење како установа со самостојно финансирање;

**Решение** за спојување на Институтот за физиологија на трудот, Институт за паразитологија, Институт за паталошка физиологија и Институтот за изучување на прехраната на народот, Српската академија на науките во една установа;

**Решение** за премин на Византолошкиот институт на Српската академија на науките во Белград на работење како установа со самостојно финансирање;

**Решение** за премин на Географскиот институт на Српската академија на науките во Белград на работење како установа со самостојно финансирање.

### НАРОДНЕ НОВИНЕ
### СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине" службени лист Народне Републике Хрватске во бројот 21 од 29 април 1954 година објавуваат:

**Решение** за седиштата и подрачјата на шумарските инспекторати;

**Исправка** на Наредбата за трајно заштитената дивина, за дивината заштитена со ловостој и за незаштитената дивина.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 266. | Уредба за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет — — — — | 401 |
| 267. | Уредба за измени и дополненија на Уредбата за управување со основните средства на стопанските организации — — — | 401 |
| 268. | Уредба за наголемување платите на службениците и работниците на работа во државните надлештва и установи — — | 402 |
| 269. | Уредба за измени и дополненија на Уредбата за платите на судиите на народните судови — — — — — — — — — — — — | 402 |
| 270. | Уредба за измени и дополненија на Уредбата за платите на јавните правобранители — — — — — — — — — — — — — — | 403 |
| 271. | Уредба за измени и дополненија на Уредбата за платите на арбитрите на државната арбитража — — — — — — — — — | 403 |
| 272. | Уредба за измени и дополненија на Уредбата за платите на јавните обвинители — | 403 |
| 273. | Уредба за платите на работниците и службениците на железничките транспортни претпријатија — — — — — — — — — — — | 404 |
| 274. | Уредба за платите на службениците и работниците на претпријатијата во состав на Заедницата на стопанските претпријатија на Југословенските пошти, телеграфи и телефони — — — — — — — — — — | 405 |
| 275. | Одлука за олеснувањата при плаќањето на странската опрема и инвестиционите материјали — — — — — — — — — — | 407 |
| 276. | Одлука за начинот за купување девизни средства за нестоковните плаќања од страна на државните органи и установи, установите со самостојно финансирање и општествените организации — — — — — | 408 |
| 277. | Одлука за начинот за пресметување разликата во цените, данокот на промет и регресот при увозот чијашто набавка е склучена и цената во целост или делум платена во 1953 година — — — — — — | 408 |
| 278. | Одлука за условите за давање термински кредити на стопанските организации за инвестиционото одржување — — — — — | 409 |
| 279. | Решение за Телеграфската агенција Нова Југославија — „Танјуг", како установа со самостојно финансирање — — — — — — | 409 |
| 280. | Решение за Лексикографскиот завод на ФНРЈ како установа со самостојно финансирање — — — — — — — — — — — | 410 |
| 281. | Решение за измена на Списокот на видовите стоки и коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот — | 410 |
| 282. | Решение за измени и дополненија на Списокот на видовите стоки и коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот — — — — — — — — — — — | 410 |
| 283. | Решение за утврдување коефициентот за пресметување разликата во цените при извозот на монтажно-демонтажните куќи | 411 |
| 284. | Решение за утврдување коефициентот за пресметување разликата во цените при извозот на котонин — — — — — — — — — | 411 |
| 285. | Решение за оснивањето и работата на Сојузот на друштвата на медицинските сестри на ФНРЈ — — — — — — — — — | 411 |
| 286. | Решение за оснивањето и работата на Сојузот на уметниците за применети уметности на Југославија — — — — — — | 411 |
| 287. | Решение за измена на Решението за пуштање во течај пригодни поштенски марки со мотиви од југословенската фауна | 412 |


Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" — новинско-издавачко претпријатие — Белград, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевиќа Марка бр. 9, Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград